**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.31**

**И.бр. 613/2022**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ДПТУ МАВИС ДОО ШТИП, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.31/2021 од 25.01.2021 година на Нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, против должникот Соња Милкова од Кавадарци, за спроведување на извршување на ден 20.10.2022 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К

## за продавање на подвижни предмети по пат на непосредна спогодба
## ( врз основа на член 110 став (3) од Законот за извршување)

Заради неважечко прво усно јавно надавање за продажба на уделот на должникот **Соња Милкова од Кавадарци** во висина од 51% во трговското друштво **БИСТРИЦА ДОО с.Мајден Кавадарци со ЕМБС 4974964**, а на предлог на доверителот се определува продажба на удел во трговско друштво со непосредна спогодба по продажната цена определена од страна на доверителот, а понудена од страна на заинтересиран купувач и тоа:

Уделот на должникот **Соња Милкова од Кавадарци** во висина од 51% во трговското друштво **БИСТРИЦА ДОО с.Мајден Кавадарци со ЕМБС 4974964** по цена од 1.100.000,00 денари со заинтересиран купувач, за што ќе се состави записник и склучи Договор за продажба на предмети со непосредна спогодба со заинтересиран купувач.

Продажбата со непосредна спогодба ќе се одржи на ден 02.11.2022 година во 13,00 часот во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова од Штип ул. Браќа Миладинови бр.4А, тел: 032/387-387.

Овој заклучок да се достави до доверителот и должникот.

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

Д.-на: должник
доверител

Република Северна Македонија Валентина Спасова-Јованова ИЗВРШИТЕЛ 1 Штип

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.